РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2382/2
19-11-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на десетата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-2382/1 од 28.04.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-2382/1 од 28.04.2023 година.
Предметот со број 08-2382/1 од 28.04.2023 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-2382/1 од 28.04.2023 година е оформен по поднесена анонимна пријава во која се укажува дека лицето ____________________ во мај 2022 година е избрана за претседател на ______________________________ и дека по изборот на наведената функција нема поднесено анкетен лист до ДКСК.
Од увидот во евиденцијата на ДКСК се констатира дека навденото лице на 07.04.2023 година поднело анкетен лист за функцијата претседател на ____________________________. Анкетниот лист е заведен под број 08-2111/1 и податоците од истиот се објавени на ВЕБ страницата на ДКСК.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи во предвид дека лицето е именувано на функцијата на 27.04.2022 година, Анкетниот лист е доставен надвор од законски утврдениот рок, но во конкретниот случај е настаната застареност за поведување прекршочна постапка.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: С.Д. , член на ДКСК